РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА СОВЕТОДАВЕН СИСТЕМ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Скопје, 2018 година

В О В Е Д

I. Оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со законот и причини за донесување на законот

Во насока на зголемување на конкуретноста, поголемиот број на земјоделски стопанства треба да поминат преку процес на реструктуирање и модернизација, зголемување на производниот капацитет и примена на подобрени агро-технички постапки со кои ќе ги зголемат приходите, но истовремено нема да се наруши животната средина. Земјоделците се соочуваат и со нови зголеми потреби за советодавна поддршка за начините на управување со ризик поради се поголемото влијание на климатските промени, како и поради обврската за исполнувања на строгите барања од пакетот на вкрстена сообразност кои се и обврска од евроинтегративниот процес. Од квалитетот на обезбедената советодавна поддршка на земјоделците во тој процес во голема мерка зависи успешноста на предвидените реформи и поддршка за реструктуирање и зголемување на конкурентноста на секторот.

Сегашното функционирање на државно-финансираните советодавни услуги во Република Македонија е незадоволително по обем и квалитет во однос на реалните проблеми и предизвици со кои се соочуваат учесниците во земјоделскиот сектор. Моментално, државно-финансираните советодавни услуги воглавно се обезбедуваат преку Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) како јавен давател на советодавни услуги со директно посетени не повеќе од 700 земјоделски стопанства годишно. Ова недоволно кореспондира со бројот на околу 100.000 корисници на државна поддршка и околу 30-40.000 стопанства, кои според анализите имаат посериозен развоен капацитет и оттука се дефинирани како особен таргет на политиките. Во обезбедувањето на овие услуги не постои директна и формална врска со која е гарантирана усогласеноста на дадените услуги со целите на земјоделската политика, како и со знаењето и иновациите креирани во научно-истражувачките центри во државата. Од друга страна не постои доволна иницијативност од страна на самите земјоделски стопанства во користење на достапната мерка за советодавни услуги и обуки од националната програма за рурален развој, и од финансиски аспект и поради недоволната свесност за потребата.

Евидентирана е и потреба од поставување на одржлив систем за континуирано следење и евалуација на ефектот и квалитетот на функционирањето на советодавни услуги финансирани од државата како дел од инструментите на националната политика.

II. Цели, начела и основни решенија

Со донесувањето на овој закон ќе се воспостави ефикасен советодавен систем во земјоделството во Република Македонија кој треба да овозможи зголемување на опфатот на корисниците на советодавни услуги финансирани од страна на државата, подобрување на квалитетот на обезбедените услуги, како и целосна услогласеност на советодавните активности со приоритетите и целите на земјоделската политика.

Како резултат од функционирање на системот воспоставен со законот, советодавните услуги треба да бидат достапни до најголемиот број од претприемчливите, развојно-ориентирани земјоделци. Квалитетот на обезбедените советодавни услуги треба да биде подобрен, а понудата усогласена согласно потребите за развојот на секторот за зајакнување на неговата конкурентност.

Главните начела на системот се плурализам во обезбедувањето на советодавни услуги финансирани од државата со целосно вклучување и на приватните даватели на услуги, за кои биде обезбедена и поддршка при нивното формирање, како и пристап базиран на избор на даватели на услуги од страна на самите корисници чија реализација е аргументирана со докази.

Предложениот закон ги уредува основните елементи на советодавниот систем во земјоделството во Република Македонија почнувајќи од планирањето на истиот. Законот предвидува донесување на Програма за советодавни услуги од советодавниот систем во период од три години. Програмата ги определува типот на советодавните услуги кои ќе бидат финансирани или кофинансирани од државата по корисници, даватели, методи на извршување на услугите, како и процентот на финансиска поддршка со индикативен буџет. АПРЗ како јавен давател на советодавните услуги треба соодветно да ги прилагоди годишните програми за работа и својата организација.

Законот ги дефинира учесниците во системот, односно давателите и корисниците на услуги, како и надлежната инстуција – Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Со законот се дефинираат статусот и условите кои треба да ги исполнуваат приватните даватели на советодавни услуги. Нивното препознавање во системот се врши преку постапка на регистрирање во надлежното министерство.

Законот ги пропишува и условите кои треба да ги исполни индивидуалниот давател на советодавни услуги чија верификација, по положен стручен испит и помината обука во соодветната област, се извршува во постапка на сертификација од страна на министерот. Со цел следење на подобрувањето на вештините и знаењето, советникот треба секоја година да оствари најмалку 16 часа на обука. Обуките се извршуваат врз основа на Програма за обука на давателите на советодавни услуги која министерот ја донесува на годишно ниво, а ги изведуваат јавни институции од областа на образованието и научно-истражувачка работа.

Законот ја пропишува постапката за изведување на стручниот испит, ги дефинира методите и начинот на обезбедување на советодавните услуги, како и известувањето за извршена услуга до министерството. Постапките за следење на спроведувањето на советодавниот систем, исполнувањето на Програмата за советодавни услуги и проценката на ефектите од страна на министерството исто така се уредени.

Со законот се уредуваат и надзорот на спроведување на советодавниот систем, прекршочните и завршни одредби.

III. Оцена на финансиските последици од Предлогот на Закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

Предложените решенија во законот имаат финансиски имликации врз Буџетот на Република Македонија во делот на финансирање на советодавните услуги кои се спроведуваат на АПРЗ (преку буџетот на агенцијата и без дополнителни импликации во однос на постојните), како и во делот на финансирање на советодавните услуги кои ќе бидат обезбедени преку приватните даватели на услуги. Кај последното е предвидено зголемување на износот во однос на сега-алоцираните средства во годишните програми за рурален развој. Дополнително ќе биде предвидена и финансиска поддршка за приватните даватели на услуги за покривање на дел од трошоците за воспоставувањето и функционирањето поврзани со исполнување на материјално-техничките и други законски услови за извршување на советодавната дејност (обуките и полагањето на стручниот испит по прв пат).

Финансирањето, односно кофинансирање на услугите од системот ќе биде обезбедено преку средствата од Програмата за финансиска поддршка на рурален развој согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

После акредитирањето на мерката Советодавни услуги дел од услугите ќе се реализираат и од средства од буџетот на ЕУ од Приоритетната област 4 на ИПАРД програмата.

IV. Процена на финансиските средства потребни за спроведување на Законот, начин на нивно обезбедување, податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

Индикативниот износ на средства потребни за спроведување на законот, (покрај средствата од буџетот на Република Македонија алоцирани за АПРЗ како буџетскиот корисник) се:

- 60 милиони денари годишно за спроведување на мерка за советодавни услуги во земјоделството и
- 1,5 милиони денари годишно за поддршка на воспоставувањето и функционирање на приватните советодавни служби.

Средствата ќе бидат обезбедени во рамките на планираните средства за поддршка на земјоделството и руралниот развој согласно Програмата за развој на земјоделството и руралниот развој за периодот 2018-2022 година, а поблиските износи ќе се дефинираат при планирањето на системот согласно предвиденото во Член 4 од законот.

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Цел на донесување на законот

(1) Со овој закон се уредува воспоставувањето, организацијата, финансирањето и спроведување на Советодавниот систем во земјоделството во Република Македонија (во понатамошниот текст: советодавен систем).

Член 2
Советодавен систем

(1) Советодавниот систем е систем на дефинирани советодавни услуги, учесници и постапки финансирани или кофинасиран од јавни извори кој треба да овозможи ефикасна советодавна поддршка на земјоделците и на населението во руралните средини за подобрување на земјоделските и другите економски и неекономски активности, на општите услови на живот во руралните средини, како и заштита на природните ресурси и животната средина од влијанието на земјоделската активност.

(2) Функционирањето на советодавниот систем е во согласност со постигнување на целите на националната земјоделска политика во Република Македонија.

Член 3
Советодавни услуги во земјоделството

(1) Советодавни услуги во земјоделството (во понатамошниот текст: советодавни услуги) се активности на обезбедување на совети од страна на давателите на советодавните услуги преку навремен и ефикасен пренос на информации, знаења и подобрување на практичните способности на корисниците на советодавните услуги во земјоделството.

(2) Советодавните услуги кои се дел од советодавниот систем се обезбедуваат во следниве области:

- усогласеност со барањата за вкрстена сообразност и употреба на методи на добра земјоделска и еколошка пракса во земјоделско производство кои овозможуваат зачувување на квалитетот на

почвата, водата и воздухот, како и правилна примена на обврските од агроеколошките мерки,
- исполнување на барањата од областа на безбедност на храната, здравје и благосостојба на животните, здравје на растенијата и интегрирано управување со штетниците,
- заштита на здравјето и животот на луѓето при извршување на земјоделски активности,
- примена на подобрени производни практики, технологија и иновации во растителното и сточарско земјоделско производство,
- оптимализација на економското работење, управувањето со земјоделското стопанство и маркетингот со земјоделски производи, вклучително и водење на сметководство на земјоделско стопанство,
- оддржлив развој на економските активности на малите земјоделски стопанства, реструктуирање на земјоделските стопанства и диверзификација на економските активности,
- управување со ризици, прилагодување на земјоделското производство кон условите во опкружувањето, промените во климата и движењата на пазарите,
- организирање и здружување на земјоделските стопанства на пазарна основа,
- започнување на земјоделски активности од страна на млад земјоделец носител на земјоделско стопанство и подобрување на улогата на жената во руралните средини,
- олеснување на пристапот на корисниците до политиките на поддршка во земјоделството и руралниот развој и останатите фактори на производство (земјоделско земјиште, капитал, и др.) и подобрување на структурата на земјоделското земјиште, и
- исполнување на други минимални законски барања кои треба да ги спроведе земјоделското стопанство или приоритети насочени кон развојот на земјоделското стопанство кои се идентификувани од страна на носителите на земјоделската политика, од земјоделското стопанство, формите на здружување на земјоделците или единиците на локална самоуправа.

Член 4

Планирање на советодавниот систем

(1) Со цел планирање на спроведувањето на советодавниот систем Владата донесува Програма за советодавни услуги од Советодавниот систем во земјоделството во Република Македонија (во понатамошниот текст: Програма за советодавни услуги) за период од три години.

(2) Програмата за советодавни услуги од ставот (1) на овој член особено содржи:

- преглед на области и советодавните услуги кои ќе бидат дел од советодавниот систем во земјоделството по: типови на корисници на советодавни услуги, даватели на советодавни услуги, методи на извршување на советодавните услуги и процент на финансиска поддршка и
- индикативен буџет за функционирање на советодавниот систем усогласен со планираните средства од Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој.

(3) Јавните даватели на советодавни услуги од член 6 став (2) и (3) треба да ги прилагодат годишните програми за работа и организацијата на нивното институционално функционирање согласно предвидените обврски за спроведување на Програмата за советодавни услуги од став (1) на овој член во соработка и согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија (во понатамошниот текст: министерство).

(4) Министерството обезбедува усогласеност помеѓу Програмата за советодавни услуги од став (1) на овој член и планирањето на националните програми од член 7 на Законот за земјоделство и рурален развој и другите јавни извори на финансирање од член 5 на овој закон.

Член 5
Финансирање на советодавниот систем

(1) Советодавните услуги од член (3) можат да бидат целосно финансирани или кофинансирани од јавни извори на финансирање.

(2) Јавните извори на финансирање од став (1) на овој член ги опфаќаат средствата кои се обезбедени од националните програми согласно Закон за земјоделство и рурален развој, буџетот на јавните даватели на советодавни услуги, средства од инструментот за претпристапна помош за развој на земјоделството и руралниот развој од Европската унија, донации и средства од буџетите на единиците на локална самоуправа.

(3) При кофинансирање на советодавните услуги, средствата од приватни извори на финансирање може да се обезбедат од корисниците на советодавни услуги или од други правни лица кои имаат правен интерес.

(4) Двојно финансирање на советодавни услуги кои во дел или целост се финансирани од јавни извори на финансирање е забрането.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОВЕТОДАВНИОТ СИСТЕМ

Член 6
Учесници во советодавниот систем

(1) Учесници во советодавниот систем се: давателите на советодавни услуги, корисниците на советодавни услуги и надлежната институција за воспоставување и следење на фукционирањето на советодавниот систем.

(2) Советодавни услуги може да обезбедуваат јавни и приватни даватели на советодавни услуги во кои се вработени индивидуални даватели на советодавни услуги.

(3) Јавен давател на советодавни услуги согласно овој закон е Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

(4) Надлежна институција за воспоставување и следење на фукционирањето на советодавниот систем е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија (во понатамошниот текст: министерство).

(5) Во зависност од областите на советодавни услуги, корисници на советодавните услуги се: носители на земјоделските стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства или од него овластен член, правни и физички лица во руралните средини.

Член 7
Приватни даватели на советодавни услуги

(1) Приватен давател на советодавни услуги од член 6 став (2) на овој закон е право и физичко лице кое обезбедува советодавни услуги финансирани или кофинансирани од јавни извори.

(2) Правното лице од став (1) на овој член треба да е со статус на:

- трговско друштво основано за вршење на нестопанска дејност од областа на советодавни, консултативни и информативни услуги во земјоделството и храната, ветеринарното здравје и шумарството,
- јавни институции од областа на образованието и научно-истражувачка работа за земјоделство, ветеринарно здравје и шумарство,
- здружение или фондација на земјоделци основани за поддршка на интересите на земјоделското производство,
- земјоделска задруга.

(3) Правните и физички лица од став (1) на овој член треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да се регистрирани во Регистерот за даватели на советодавните услуги во земјоделството и
- за правни лица, да имаат вработено најмалку двајца постојано вработени со платени придонеси за задолжително социјално осигурување од кои еден индивидуален давател на советодавни услуги кој поседува сертификат.

(4) Правните и физички лица кои даваат советодавни услуги од областите од член 3 став (2) на овој закон и други советодавни услуги во земјоделството и руралниот развој без користење на средства од јавни извори не се даватели на советодавни услуги во смисла на овој закон.

Член 8

Регистрирање на приватните даватели на советодавни услуги

(1) Министерството води Регистер на приватни даватели на советодавните услуги во земјоделството (во понатамошниот текст: Регистер).

(2) Уписот во Регистерот се врши по поднесено барање и потребна документација за исполнување на условите за упис.

(3) Кон барањето за упис во Регистерот од став (2) на овој член правното лице ја поднесува следната документација:

- доказ за упис во Централен регистер на Република Македонија,
- доказ за најмалку двајца постојано вработени со платени придонеси за задолжително социјално осигурување од кои еден индивидуален давател на советодавни услуги кој поседува сертификат и
- изјава од одговорното лице заверена на нотар за непостоење на конфликт на интерест помеѓу извршување на комерцијални

активности и извршување на советодавните услуги и помеѓу вработените индивидуални даватели на советодавни услуги и корисниците на советодавни услуги.

(4) Кон барањето за упис во Регистерот од став (2) на овој член физичкото лице ја поднесува следната документација:

- сертификат за квалификации на индивидуален давател на советодавни услуги и
- изјава заверена на нотар за непостоење на конфликт на интерест помеѓу извршување на комерцијални активности и извршување на советодавните услуги и помеѓу индивидуалниот давател на советодавни услуги и корисниците на советодавни услуги.

(5) На давателот на советодавните услуги во земјоделството кој ги исполнува условите од став (3) и (4) на овој член, министерот во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето му издава Решение за упис во регистерот, односно Решение за одбивање на барањето доколку не ги исполнува условите.

(6) Против решението на став (5) на овој член може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(7) Податоците од Регистерот најмалку за: контакт на приватниот давател на советодавни услуги, името и контактите од вработените индивидуални даватели на советодавни услуги по области на советодавни услуги од сертификатот се објавуваат на интернет веб страницата на министерството.

(8) Трошоците за воспоставување и функционирање на приватните даватели на советодавни услуги поврзани со исполнување на материјално-техничките услови за извршување на советодавната дејност може да бидат предмет на финансиска поддршка согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

(9) Образецот на барањето од став (2) на овој член, формата и содржината на Регистерот, потребната документација што се приложува кон барањето, како и содржината и образецот на решението за упис во регистерот ги пропишува министерот.

Член 9

Бришење на приватните даватели на советодавни услуги од Регистерот

(1) Приватните даватели на советодавни услуги со решение на министерот се брише од регистерот од член (8) на овој закон доколку:

- давателот на советодавната услуга поднесе барање за бришење од регистерот,
- се утврди дека правното лице престанало да ги исполнува некои од условите од член 7 на овој закон,
- се утврди дека правното лице поднело неточни податоци при уписот во Регистарот и
- правното лице е избришано од трговскиот регистар или друг регистар на упис.

(2) Решението од став (1) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на дознавањето преку записник од извршен инспекциски надзор од Државен инспекторат за земјоделство.

(3) Против решението на став (2) на овој член може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 10
Сертификат за квалификации на индивидуален давател на советодавни услуги

(1) Индивидуален давател на советодавни услуги е физичко лице кое:

- поседува стручни квалификации на висока стручна спрема од областите на земјоделството, ветеринарството, шумарството и економските науки и најмалку 2 години искуство во струката, односно за одредени области на советодавни услуги завршено средно стручно образование во наведените области и најмалку 7 години искуство во струката,
- има потребно ниво на стручна подготвеност, и
- редовно да ги подобрува вештините и знаењето за обезбедување на одредени области на советодавни услуги.

(2) Потребното ниво на стручна подготвеност на индивидуалниот давател на советодавни услуги од став (1) алинеја (2) на овој член се потврдува со полагање на стручен испит за одредена област од советодавните услуги.

(3) Индивидуалните даватели на советодавни услуги кои за прв пат поднесуваат барање за полагање на стручниот испит за индивидуални

даватели на услуги се обврзани претходно да поминат теоретска и практична обука за одредена област од советодавните услуги.

(4) На физичките лица кои ќе го положат стручниот испит од став (2) на овој член министерот издава Сертификат за квалификации на индивидуален давател на советодавни услуги во земјоделството (во понатамошниот текст: сертификат).

(5) Со цел следење на подобрувањето на вештините и знаењето за обезбедување на одредени области на советодавни услуги од став (1) алинеја (3) на овој член, индивидуалните даватели на советодавни услуги треба секоја година да остварат најмалку 16 часа на обука во одредената област од советодавните услуги и најдоцна до 31 декември до тековната година да достават доказ за остварена обука.

(6) Министерството на својата интернет веб страница објавува листа на индивидуални даватели на советодавни услуги кои поседуваат сертификат со податоци особено за: името и контактот на лицето, опис на областите на советодавни услуги од сертификатот и податоци за приватните даватели на советодавни услуги каде лицето е ангажирано.

(7) Формата, содржината и образецот на сертификатот ги пропишува министерот.

(8) На индивидуалниот давател кој нема да достави доказ за посетена обука согласно став (5) му се одзема сертификатот со решение на министерот.

Член 11

Начин на спроведување на стручниот испит

(1) Стручниот испит од став (2) од член 10 се состои од два дела и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста од областа на советодавните услуги во практика.

(2) Испитот од став (1) на овој член се полага писмено со одговарање на определен број прашања.

(3) Првиот дел од испитот ги опфаќа областите од советодавните услуги од член 3 став (2) на овој закон и особено областа за која кандидатот го полага стручниот испит.

(4) Вториот дел на испитот се состои од:

- практичен пример и

- прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

Член 12
Програма за полагање на стручен испит

(1) Испитот се полага според програма во која се содржани градивото и прописите.

(2) Програмата за полагање на стручниот испит ја донесува министерот.

Член 13
Комисија за верификација и спроведување на стручниот испит

(1) Прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и практичниот пример од вториот дел од испитот ги верификува Комисија составена од пет до десет претставници од министерството во зависност од видот и бројот на областите опфатени со испитот.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери на случај најмалку еднаш годишно.

(3) При ревизијата Комисијата особено ги има во предвид промените на правните прописи на кои е засновано прашањето односно случајот, бројот на кандидати кои го одговорале, успешноста во одговарањето на истите како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на стручниот испит.

(4) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практичниот пример, Комисијата одлучува прашањата и практичниот пример да бидат изменети или целосно отстанети од стручниот испит.

(5) Членовите на Комисијата за верификација од ставовите (1) и (2) на овој член имаат право на паричен надомест што го определува министерот.

(6) Износот на паричниот надомест од ставот (5) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања и практичниот пример, како и сложеноста на материјата.

(7) Годишниот износ на паричниот надомест од ставот (5) се плаќа во износ од една месечна просечна нето плата во Републиката исплатена за предходната година.

Член 14
Стручни и административни работи

Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот ги врши Министерството, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот.

Член 15
Годишен распоред за полагање

Испитот се полага најмалку четири пати годишно, во периодот од 1-ви февруари до 30-ти септември.

Член 16
Барање за полагање на стручен испит

Барањето за полагање на стручен испит кандидатот го поднесува до Министерство.

Член 17
Проверка на услови за полагање на стручен испит

(1) Министерот или од него овластено лице, со решение утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на стручниот испит.

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот, може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 18
Известување за полагање на испит

(1) На кандидатот на кој му е одобрено барањето за полагање на стручниот испит му се определува времето и местото за полагање на испитот, а кандидатот се известува најдоцна во рок од осум дена пред полагање на испитот.

(2) На кандидатот мора да му се овозможи да започне да го полага стручниот испит во првата наредна сесија од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

Член 19
Полагање на стручен испит

(1) Стручниот испит го спроведува комисијата од член 13 на овој закон.

(2) Стручниот испит започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (практичен пример).

(3) Министерот го пропишува начинот на бодување на првиот и вториот дел од испитот.

Член 20
Прв и втор дел дел од стручниот испит

(1) Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку 10 прашања со пет опции за заокружување од кој едната е точна, две се слични, едната е неточна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една е неточна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

(2) Вториот дел од испитот се состои од практичен пример.

(3) Прашањата кои се составен дел од практичниот пример од став (2) на овој член се од потесната советодавна област за која кандидатот го полага стручниот испит и имаат 10 можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се слични и четири се различни.

Член 21
Времетраење на испитот

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата испитот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 51% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 22
Уверение

(1) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршување на испитот.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот.

Член 23

Трошоци за полагање на испитот

(1) Трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува министерот врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на министерството.

(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на министерството најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на испитната сесија, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на испитот.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

(6) Трошоците за полагање на стручниот испит на кандидатот кој испитот го полага по прв пат може да бидат предмет на финансиска подршка согласно законот за земјоделство и рурален развој.

Член 24

Обука на давателите на советодавни услуги

(1) Обуките од член 10 на овој закон се извршуваат врз основа на Програма за обука на давателите на советодавни услуги (во понатамошниот текст: Програма за обука) која министерот ја донесува на годишно ниво врз основа на планираните советодавни услуги од Програмата за советодавни услуги од член 4 на овој закон.

(2) Програмата за обука од став (1) на овој член за секоја специфична советодавна услуга особено содржи:

- цели кои треба да се постигнат со обуката од аспект на стекнати знаења на учесниците,

- опис на тематските единици,
- методологија за спроведување на обуката,
- времетраење на обуката по тематски единици,
- постапки за проценка на ефектите од обуката,
- потребни материјали средства за обуката, и
- други содржини.

(3) Обуката согласно Програмата од став (1) на овој член се изведува од страна на јавни институции од областа на образованието и научно-истражувачка работа во земјоделството и храната, ветеринарното здравје и шумарството.

(4) За успешно завршената обука институцијата од став (3) издава потврда.

(5) Трошоците за обуките се во висина на реалните трошоци и се на товар на индивидуалните даватели на услуги.

(6) Трошоците од став (5) на овој член на учесникот на обуката кој по прв пат посетува обука може да бидат предмет на финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.

(7) Висина на трошоците од став (5) на овој член ги пропишува министерот.

III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОВЕТОДАВНИТЕ УСЛУГИ

Член 25
Методи на обезбедување на советодавните услуги

(1) При обезбедување на советодавните услуги во земјоделството до корисниците на услугите, давателите на советодавни услуги ги користат методите на:

- индивидуално советување,
- групно советување и
- масовно советување.

(2) Методот на индивидуално советување од став (1) алинеја 1 на овој член се спроведува во облик на директен контакт со корисникот на советодавните услуги преку: посета на самото земјоделско стопанство,

посета на корисникот на услугата кај давателот на услугата или на друга локација заради примена на практично демонстрирање на советот.

(3) Советодавните услуги кои се обезбедуваат преку методот на индивидуално советување се извршуваат со најмалку три непосредни контакти со носителот на земјоделското стопанство или со од него овластен член, од кои најмалку две се посети на земјоделското стопанството со цел идентификација на состојбите, односно последователно следење на превземените корективни мерки од страна на стопанството. Во случај кога проблемот е веќе идентификуван и претходно е обезбеден директен контакт, индивидуалното советување може да се обезбеди со една посета на земјоделското стопанството и контакти преку телефон, факс или електронска пошта.

(4) За одредени типови на советодавни услуги идентификацијата на состојбите на земјоделското стопанство од став 3 на овој член и дефинирањето на потребите за совети може да се изврши и преку првична самопроверка од страна на земјоделското стопанство со помош на однапред подготвени листи.

(5) Методот на групно советување од став (1) алинеја 2 на овој член се спроведува преку вклучување на повеќе корисници на советодавни услуги со сродно производство или маркетинг кои заедно учествуваат на еден настан од типот на: стручни предавања и советувања, обуки, јавни средби, информативни денови, работилници, конференции, посета на демонстративни и експериментални опити и стручни патувања.

(6) Јавните даватели на советодавни услуги не смеат да вршат комерцијална презентација на семенски или посадочен материјал, средства за заштита на растенија, ѓубрива, земјоделска механизација и опрема, освен кога при организирана изложба или демонстрација на лице место има само еден производител.

(7) Методот на масовно советување од став (1) алинеја 3 на овој член се спроведува преку употреба на електронски и печатени медиуми за масовно информирање и интернет сајтови.

(8) Начинот на примена на методите на вршење на советодавните услуги од став (1) на овој член поблиску ги пропишува министерот.

Член 26

Начин на спроведување на советодавните услуги

(1) Спроведувањето на советодавните услуги давателите на услуги го остваруваат најмалку преку следниве активности:

- прибирање на потребните податоци поврзани со корисниците на услуги кои се релевантни за предвидената советодавна услуга,
- анализа на податоците и идентификација на состојбата,
- подготовка на предлози за подобрување на состојбите во насока на остварување на целта од услугите,
- пренесување на услугата на корисникот и
- евалуација на влијанието на спроведената услуга и превземените корективни мерки.

(2) Корисникот и давателот на услуги задолжително склучуваат Договор за советодавни услуги (во понатамошниот текст: договор) во времетраење до една година кој особено ги содржи следниве елементи:

- назив и област на советодавната услуга,
- активности од став (1) на овој член и методи на вршење на советодавните услуги од член 25 на овој закон,
- цена и вредност на советодавна услуга изразена во денари,
- времетраење на спроведување на советодавната услуга и
- други елементи од договорот.

(3) Договорот од став (2) на овој член го иницира корисникот, односно група од најмалку 10 корисници на советодавната услуга кој избира давател на советодавни услуги од приватните даватели на услуги од Регистерот од член 8 на овој закон или од јавен давател на советодавни услуги.

(4) По исклучок од став (3) на овој член, договорот се склучува помеѓу Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој и давателот на советодавните услуги за извршување на определени советодавни услуги со методот на групно советување, како и за советодавните услуги со методот на масовно советување.

(5) За работите од договорот од став (2) на овој член кои не се уредени со овој закон важат одредбите од Законот за облигациони односи.

(6) Цената на советодавна услуга од став (2) алинеја 3 на овој член се утврдува по областите на советодавните услуги и советодавни услуги, по методи на извршување на советодавните услуги, а врз основа на висина на реалните трошоци, големината и компактноста на земјоделското стопанство и бројот на корисници на услугата.

(7) Начинот на одредувањето и висината на цената од став (6) на овој член ги пропишува министерот.

Член 27
Известување за извршена советодавна услуга и доверливост на податоците

(1) Јавните и приватни даватели на советодавни услуги во рок од најмногу 15 дена после обезбедената услуга поднесуваат во електронска форма до министерството извешај за извршена советодавната услуга кој е верификуван од страна на корисникот на услугата.

(2) Извештајот од став (1) на овој член се однесува на спроведување на обврските кои се превземени со одредбите од договорот од член 26 став (2) на овој закон.

(3) Давателите на советодавните услуги несмеат да пренесуваат лични податоци или деловни информации кои ги добиваат во тек на нивната советодавна активност на други лица кои не се корисниците на услугата, освен во случај на законска обврска за информирање на надлежните државни органи за идентификувана неправилност или повреда на закон.

(4) Формата и содржината на извештајот од став (1) и (2) на овој член и рокот во кој се поднесуваат ги пропишува министерот.

Член 28
Следење на спроведувањето на советодавниот систем

(1) Министерството го следи спроведувањето на советодавниот систем, исполнувањето на Програмата за советодавни услуги од член 4 на овој закон и прави проценка на ефектите.

(2) Во спроведување на активностите од став (1) на овој член министерството:

- врши проценка на квалитетот на остварените советодавни услуги во однос на обврските од договорите од член 26 став (2) од овој закон и подзаконските акти кои произлегуваат од законот преку анализа на веродостојноста на податоците од извештајите за извршената советодавна услуга од член 27 на овој закон, за примерок на остварени договори, и преку директни контакти со давателите и корисниците на советодавните услуги заради прибирање на потребните информации и податоци,
- редовно ги анализира податоците од спроведени постапки на инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за земјоделство и административните и контролите на самото место

од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој поврзани со спроведување на одредбите на овој закон и по потреба иницира постапки кај овие институции,
- користи податоци од административните регистри преку кои може да се процени ефектот на применетите совети во насока на исполнување на законски пропишани барања и
- спроведува периодично истражување за задоволноста на корисниците од добиените советодавни услуги на национално ниво и проценка на ефектите.

(3) Истражувањето од став (2) алинеја 4 на овој член се спроведува најмалку еднаш за периодот на времетраење на Програмата за советодавни услуги од член 4 на овој закон.

(4) Начинот на следењето на спроведувањето на советодавниот систем, исполнувањето на Програмата за советодавни услуги од член 4 на овој закон и проценката на ефектите од став (1) на овој член го пропишува министерот.

IV. НАДЗОР

Член 29
Надзор на спроведување на советодавниот систем

(1) Инспекциски надзор на спроведување на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Државниот инспекторат за земјоделство.

(2) При вршење на инспекциискиот надзор од став 1 на овој член инспекторот презема мерки и овластувања согласно Законот за државен инспекторат за земјоделство и Законот за инспекциски надзор.

V. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 30
Глоба

(1) Глоба во износ од 4000 до 5000 евра во денарска противредност ќе се изрече на правно или физичко лице ако:

- извршува обука спротивно на член 24 од овој закон и
- издаде потврда за извршена обука спротивно на член 24 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 2000 до 2500 евра во денарска противредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од став (1) на овој член.

Член 31

(1) Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противредност ќе му се изрече на правно или физичко лице кое:

- дава советодавни услуги без да е запишан во регистарот од член 8 од овој закон,
- дава советодавни услуги без склучен договор за користење на советодавни услуги од советодавниот систем,
- не доставува извештаји согласно член 27 од овој закон и
- внесува неверодостојни податоци од член 27 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од став (1) на овој член.

Член 32

За прекршоците пропишани со овој закон прекршочна постапка ќе води и прекршочна санкција ќе изрече надлежен суд.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 33
Подзаконски акти

Прописите утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 34

Влегување во сила на законот

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.